


**Сенароден протест утре-Сабота, со почеток во 12:30 часот кој ќе заврши пред Владата на Македонија. Поради заразата со корона, протестот ќе биде со автомобили и во 12:30 часот ќе се тргне кон Владата од две локации, СЦ "Борис Трајковски" во Општина Карпош и СЦ "Јане Сандански" во Општина Аеродром.**

## Мицкоски: Не отстапуваме ни чекор од она што е наше! Скопје протестира и сака слобода која е скапо платена

Сакате да промените нешто затоа што знаете дека повеќе не оди вака и не сакате да бидете соучесник во газењето по коските и жртвата на Илинденците, Партизаните, хероите?

Сега е времето кога треба да се протестира, за утре да не биде предоцна.

Македонија се обединува против Заев, против заедничкиот противник, против негаторите на македонската историја, идентитет и јазик. Сè повеќе луѓе се охрабруваат да застанат во редот на одбраната на она што е свето и за кое се бореле и гинеле генерации, а кое сега се распродава.

Сè повеќе граѓани на Република Македонија, кои имаат разлики по многу точки, се обединети во едно - бидејќи знаат дека нема назад од тука. И не отстапуваме ни чекор од она што е наше.

Скопје ја сака слободата која е скапо платена и Скопје протестира. Повикувам на сенароден протест утре, со почеток во 12:30 часот кој ќе заврши пред Владата на Македонија. Поради заразата со корона, протестот ќе биде со автомобили и во 12:30 часот ќе се тргне кон Владата од две локации, СЦ "Борис Трајковски" во Општина Карпош и СЦ "Јане Сандански" во Општина Аеродром.

За доброто на Македонија, порачуваме заеднички: Оставка на Заев, слобода на народот!